
Таравари
Претседател
ВЛЕН
Претседателска платформа
6
arbentaravari.mk

Арбен Таравари

# ОБЕДИНУВАЧКА ПРОГРАМА

АПРИЛ 2024

# СОДРЖИНА

СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА КРСТОПАТ
5
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ИНТЕГРИРАНА ВО РЕГИОНОТ И ВО ЕВРОПА
6
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПРОИЗВОДИТЕЛ НА БЕЗБЕДНОСТ
8
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПРАВНА ДРЖАВА
10
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА КОНСЕНЗУАЛНА ДЕМОКРАТИЈА
13



**Трите главни задачи на претседателот на Република Северна Македонија се водењето надворешна политика, гарантирање на националната безбедност и територијалниот интегритет како врховен командант на вооружените сили, како и поддршка на политичкиот дијалог во функција на внатрешната политичка и општествена кохезија. Затоа, функцијата Претседател бара обединувачки предводник кој се води од вредности.**

Како кандидат за Претседател на државата, сакам да склучам со вас еден заеднички програмски договор, за што преземам одговорност и за што ќе можете да барате отчет. Во овој договор ви ги презентирам обврските што сакам да ги исполнам.

Северна Македонија е наша заедничка куќа. Таа куќа мора да има силни столбови.

## Тие столбови се:

1. Интеграција во Европската Унија
2. Безбедност
3. Владеење на правото
4. Консензуална демократија

> Мојата надворешна политика ќе се заснова на европски и прозападни вредности. Како врховен командант ќе се грижам за нашата одбрана и за унапредување на регионалната безбедност. Како претседател воден од вредности, ќе ја унапредам консензуалната демократија во нашето мултинационално и мултикултурно општество.



# СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА КРСТОПАТ



Северна Македонија е на крстопат. Земјата, регионот и светот доживуваат ера на кризи, превирања и нереди.

Надворешно, војната на руската агресија против Украина отвори нова страница во меѓународната и регионалната политика, со длабоки последици за светскиот поредок. Меѓународниот систем заснован на демократија, владеење на правото и мултилатерална соработка е под директна закана. Сите сме сведоци на растот на геополитичката конкуренција, протекционизмот и економската фрагментација, како и поткопување на структурите на меѓународниот поредок заснован на правила.

Земјите од Западен Балкан се линија на фронтот во геополитичкиот судир на Русија со Западот, што доведе до тоа повеќето влади во регионот да заземат јасен став заедно со нашите сојузници, Европската унија (ЕУ) и Соединетите Американски Држави (САД). Сепак, истражувањата на јавното мнение покажуваат дека значителен дел од граѓаните во регионот, особено Србите, но и не баш незанемарлив дел од нашите сограѓани Македонци, продолжуваат да ја сметаат Русија за сојузник. Покрај тоа, охрабрени од поддршката од Кремљ, некои регионални лидери станаа алатки на Путин и отворено го загрозуваат регионалниот мир и безбедноста. Безбедноста на Балканот е кревка и затоа бара зголемена вклученост на нашите стратешки партнери и посилна меѓусебна соработка.

Внатрешно, поларизацијата значително порасна во општеството како резултат на тројната економска, политичка и етичка криза. Уште пред да почне закрепнувањето по пандемијата „Ковид-19", војната во Украина со нејзините последици во нарушувањето на трговијата со стоки и во синџирите на снабдување, предизвика енормна инфлација, оптоварувајќи го дополнително стопанството и семејните бизниси. Државата, исто така, се соочува и со епидемија на корупција која ја исцрпува довербата на граѓаните во јавните институции.

На крајот, блокирањето на процесот на интеграција на земјата во ЕУ предизвика зголемување на евроскептицизмот кај дел од нашите сограѓани и ширење антиевропски наративи, кои во голема мера се хранат од малигното влијание на Кремљ, преку онлајн кампањи за дезинформација и проруските пропагандисти во Северна Македонија.

Северна Македонија, за жал, стана плодна почва за екстремистичките сили кои имаат за цел да ги продлабочат поделбите во нашето мултикултурно општество, да негуваат омраза против ЕУ, САД и НАТО, но и да ја поткопат либералната и консензуалната демократија.

Предизвикот пред нас е од витално значење. Ние сме генерацијата која мора да се погрижи да војната на Путин не стави крај на западната демократија и да ја забави интеграцијата на земјава во ЕУ.

Наредниот претседател на државата ќе ја преземе функцијата во свет во кој меѓународниот поредок заснован на правила, слабее. Наредниот претседател ќе води држава која треба да се излечи од поларизацијата и раните на екстремизмот.

> *Претседателот ќе треба да работи на закотвување на Северна Македонија во Европската унија, намалувајќи ги внатрешните тензии и придонесувајќи во бескомпромисната борба против епидемијата на корупцијата. Затоа, време е на чело на државата да дојде личност која има чистота, кредибилитет и храброст да се издигне над дневната политика и да ги разбие балансите кои придонеле за инсталирање на оваа состојба.*

# СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ИНТЕГРИРАНА ВО РЕГИОНОТ И ВО ЕВРОПА



**Претседателот на државата е прв меѓу четирите органи за водење на надворешната политика, заедно со Собранието, Владата и Министерството за надворешни работи. Како претседател ќе земам активно учество во дефинирањето на стратешките насоки на земјата и во креирањето, дефинирањето и спроведувањето на надворешната политика на Северна Македонија, како нераскинлив дел од европската цивилизација и либералните демократии. Водењето на надворешната политика на земјата ќе се заснова на прозападните вредности, кои треба енергично да се сочуваат во актуелните геополитички околности.**

Европската унија е нашат неоспорна цел. Европската интеграција ќе биде главната цел на надворешната политика на земјата. Северна Македонија интегрирана во ЕУ е нашата единствена алтернатива и гаранција за мир, безбедност, стабилност, адресирање на структурните предизвици, одржлив економски раст и задржување на нашата младина во татковината.

Северна Македонија некогаш беше земја лидер во однос на европските интеграции. Додека соседите се движеа со забрзани чекори кон ЕУ, Северна Македонија тапкаше во место. Причините за нашата стагнација се добро познати: недостатокот на политичка волја за спроведување на европските реформи, корупцијата и шовинизмот наспроти барањата на ЕУ.

Во отсуство на исполнување на условите содржани во преговарачката рамка за членство на Северна Македонија во ЕУ, особено внесувањето на бугарското малцинство во преамбулата на Уставот, повеќе е од јасно дека првата меѓувладина конференција во јули 2022 г. и успешното заокружување на скринингот, ќе останат само на хартија. Преговарачката рамка е неотуѓива, а уставните промени неизбежни.

Глобалните предизвици, како што се климатските промени, технолошката револуција или демографијата, не можат да се решат во изолација. Потребна е меѓународна соработка за да се договорат правилата и координираните дејства за заедничко справување со предизвиците, во рамките на постоечките меѓународни институции.

Надворешната политика ќе се заснова на принципите на мир, добрососедски односи, зголемена регионална соработка, активен мултилатерализам и целосно почитување на меѓународното право.

Несогласувањата меѓу претседателот, Владата и Собранието за надворешнополитичките приоритети и лошата координација меѓу нив, знаеле понекогаш да бидат причина за губење на кредибилитетот во очите на нашите сојузници. Северна Македонија ќе води прозападна политика во глобалните процеси и ќе ја зајакне својата позиција во регионалната соработка, како и ќе ја зголеми интеграцијата на дијаспората во државава. Надворешната политика ќе се води на хармоничен и предвидлив начин кон нашите партнери.

Сè додека Русија продолжува со својата воена агресија во Украина и со дестабилизацијата на Западен Балкан, ние нема да соработуваме со Русија. Нашите десјтвија ќе се определат од заедничките политики со нашите сојузници во ЕУ и НАТО.

Во регионот ќе соработуваме врз основа на нашите вредности. Една од нив е поддршката на Република Косово како независна и суверена држава. Од ова произлегува дека Северна Македонија нема да учествува во регионалните иницијативи каде Косово не е на маса како рамноправен партнер. Иницијативата Отворен Балкан беше поддржана од руската дипломатија како инструмент за промовирање на политичката и економската хегемонија на Кремљ во регионот, преку Србија, каде што цветаат проруските чувства и руските интереси - од почетокот на руската агресија против Украина, во Во Србија се регистрирани над 300 руски компании, од кои повеќе од половина се компании активни во областа на ИТ, кои директно или индиректно соработуваат со компании од Северна Македонија, со што навлегуваат во економијата на земјата . Затоа, иницијативата Отворен Балкан ја гледаме како конкурентна на НАТО и ЕУ.

## Мои ветувања:

- Ќе ги координирам напорите со меѓународниот фактор за да обезбедам обврзување од високиот претставник на ЕУ за надворешна политика, дека по уставните измени нема да има нови барања за Северна Македонија надвор од преговарачката рамка од 2022 година.
- Мандатот за формирање на идната Влада ќе му го доверам на кандидатот на партијата, поточно на партиите, кој ќе докаже дека има мнозинство во Собранието, барајќи од мандаторот до Собранието да достави орочен план за спроведување на уставните измени неопходни за продолжување на европскиот пат на државава.
- Со цел зајакнување на напорите за членство на земјата во ЕУ, ќе воспоставам соработката и тесно ќе соработувам со Собранието за иницирање и олеснување на усвојување закони и реформи кои произлегуваат од стандардите и барањата на ЕУ, приоритетите во областа на владеењето на правото, јавната администрација, дигитализацијата , човековите права и слободата на изразување.
- Врз основа на член 121 од Уставот, ќе му предложам на Собранието, Северна Македонија итно да излезе од иницијативата Отворен Балкан, се додека Србија целосно не ги спроведе Бриселските договори и Охридскиот договор од 2023 година за нормализација на односите со Република Косово, постигнати во рамките на олеснетитот дијалог на ЕУ и поддржан од САД.
- Ќе ги поддржам меѓувладините механизми за имплементација на Преспанскиот договор и Договорот за пријателство со Бугарија за избегнување на можните тензии и помагање во адресирањето на нивните надворешни и внатрешни импликации.
- Ќе го олеснам изготвувањето и спроведувањето на сеопфатна државна стратегија за поголемо дипломатско ангажирање во регионот, фокусирајќи се на регионалната економска, образовна или културна соработка, како и на иновациите и дигитализацијата.
- Ќе се заложам за целосно усогласување на надворешната политика на Северна Македонија со Заедничката надворешна и безбедносна политика на ЕУ во сите области, особено во однос на санкциите на ЕУ, борбата против тероризмот, сајбер нападите, чувањето на заедничките граници и миграцијата.
- Ќе организирам годишен дипломатски самит во соработка со нашите главни сојузници, за зајакнување на партнерствата и унапредување на соработката за прашања поврзани со интересите на државите од регионот.
- Ќе подготвам претседателска стратегија за промовирање на странски инвестиции, вклучително и формирање на одделение во Претседателството што ќе се занимава исклучиво со привлекување странски инвестиции, организирање економски мисии на претседателот и координација на активностите со соодветните државни органи.
- Посебни личности од јавниот живот и претприемачи од дијаспората ќе бидат назначени на позиција почесен конзул во соодветните земји, со цел да се влијае на подобрување на имиџот на земјата и сеопфатна комуникација на нашата дијаспора со соодветните држави.

> **Како претседател на државата, ветувам дека ќе работам за да обезбедам Северна Македонија да води надворешна политика заснована на вредности и дека се стреми кон зачленување во Европската унија во хоризонтот 2030.**

# СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПРОИЗВОДИТЕЛ НА БЕЗБЕДНОСТ

ЕУ, САД и НАТО се наши незаменливи сојузници. Како доверлив партнер, ние тесно соработуваме со нив и сме подготвени да ја одиграме нашата улога во чувањето на мирот и безбедноста во светот заедно со нив. Нашата безбедност е заедничка. Северна Македонија не троши безбедност, ние произведуваме безбедност.



НАТО била во Западен Балкан и Западен Балкан бил во НАТО уште од 1990-тите, преку операции, партнерство и членство во Алијансата, сега веќе добиено од многу земји во регионот.

Хрватска, Црна Гора, Словенија, Албанија и Северна Македонија се полноправни членки на НАТО. Русија упорно работеше, како со тајни средства така и со отворени методи за да го блокира приемот на нашата земја во НАТО, но на крајот не успеа во тие напори благодарение на мудроста на домашниот политички фактор и поддршката од нашите сојузници.

Северна Македонија во моментов не се соочува со никаква директна закана однадвор. Но, тоа не значи дека Русија не претставува закана. Ќе продолжи да поттикнува страв и да создава нестабилност. Нашата надворешна безбедност е загарантирана со нашето членство во НАТО и соработка во одбраната со САД. Не сме сами, но сепак се грижиме за нашата безбедност.

Како земја-членка, ние сме посветени да придонесеме за имплементација на стратегискиот концепт на НАТО, кој како главна цел ја има колективната одбрана на нејзините членки, заснована на пристапот 360 степени и на основните столбови: одвраќање и заштита, превенција и справување со кризи, како и кооперативна безбедност. Ние сме посветени на политиката на отворени врати на НАТО и ќе продолжиме да го зајакнуваме нашето партнерство со Украина на нејзиниот пат кон евроатлантските интеграции.

Во согласност со обврските и одговорностите кои произлегуваат од членството на Северна Македонија во НАТО, континуирано ќе инвестираме во евроатлантската безбедност и стабилност, градејќи ги нашите капацитети на принципот на солидарност и силни трансатлантски односи.

Нашата одбранбена стратегија ќе има за цел, меѓу другото, да ја зголеми стабилноста на одбранбениот систем, да промовира позиции и да развие нови способности неопходни за ефективно и ефикасно функционирање на системот, како и синхронизација и унапредување на одбранбениот план во согласност со Стандардите на НАТО и ЕУ. Исто така, целиме кон поголема ефективност и рационално користење на човечките, материјалните и финансиските ресурси, како и зголемување на свеста и довербата на населението за важноста на одбранбениот систем во развојот на демократското општество.

Северна Македонија ќе продолжи да придонесува за одржување на безбедноста и мирот во регионот и светот, преку активно учество во мировните операции, операциите за справување со кризи и кооперативната безбедност на нашите меѓународни партнери. Со цел да придонесе за целиот спектар на операции и мисии предводени од НАТО, Северна Македонија ќе држи дислоцирачка воена сила на ниво 50% од вкупната структура на мултифункционалните копнени сили. Долгорочно ќе учествуваме во меѓународни операции со воени сили и персонал кој постепено ќе се зголемува на 10% од целокупната структура на Армијата.

Што се однесува до авијацијата, ние сме реалисти. Ограничените ресурси на Северна Македонија го оневозможуваат следењето на современите трендови во воздухопловството и наметнувањето на максимизирање на регионалната одбранбена соработка со земјите од Југоисточна Европа кои се членки на НАТО.

Безбедноста, сепак, не претставува само воени способности, туку вклучува и политички напори, управување со економско-енергетските и технолошките компоненти и капацитети за заштита на човековата околина. Затоа, мора да размислуваме и за други аспекти на безбедноста. Сајбер безбедноста, на пример, мора да биде дел од нашата одбрана.

Како претседател, ќе го бранам усвојувањето закони кои ја подобруваат сајбер безбедноста, го промовираат споделувањето информации меѓу владините агенции и приватниот сектор, инвестираат во програми за едукација и обука за сајбер безбедноста и воспоставуваат цврсти протоколи за рњакција против инцидентите. Дополнително, соработката со релевантните чинители како што се експертите за сајбер безбедност, агенциите за спроведување на законот и технолошките компании ќе ја зајакнат сајбер безбедноста на државата.

Што се однесува до енергетското влијание на Москва, кое досега било 100% за природниот гас, треба да се залагаме да ја намалиме нашата енергетска зависност од Русија на нула, меѓу другото, со максимално искористување на капацитетите на алтернативните системи за снабдување.

На безбедноста ќе и пристапам и како човечки концепт, бидејќи на нашите семејства им е потребна безбедност. Човечката безбедност подразбира потреба луѓето да живеат во слобода и достоинство, да можат слободно да ги уживаат своите права и да го развиваат својот човечки потенцијал. Само држава без корупција, со правен систем кој се бори против криминалецот и внимателно ги штити жртвите, може да биде праведна и безбедна.

## Мои ветувања:

- Северна Македонија ќе обезбеди стабилен повеќегодишен буџет за одбрана на ниво од 2% од бруто домашниот производ, како неопходен предуслов за ефективно и долгорочно планирање на одбраната, развој на нови капацитети и модернизација на силите во согласност со критериумите на НАТО.

- Фондот и буџетот за одбрана ќе бидат оптимално искористени со тоа што ќе се распределат на следниов начин: до 50% трошоци за персонал, до 30% за оперативна опрема, одржување и обука, како и до 20% за трошоци за опрема и модернизација. Ова ќе овозможи постигнување на одбранбените цели и развој на нови капацитети, неопходни за соочување со безбедносните предизвици.

- Одбранбените способности ќе се ревидираат со цел постепено да се намали персоналот и застарената опрема да се замени со софистицирана, во согласност со стандардите на НАТО. Министерството за одбрана и Армијата ќе се реформираат и рационализираат според препораките на НАТО за 650-700 вработени во администрацијата и 6.800 војници, внимавајќи и да се постигне правична и соодветна застапеност која заостанува во одбранбениот сектор.

- Армиските команди и единици ќе се консолидираат на помали локации за да се намали вишокот инфраструктура. Со тоа ќе се обезбедат дополнителни финансиски средства за обнова и модернизација на инфраструктурата, како и за подобрување на условите за работа и животот на одбранбениот персонал.

- Ќе се залагам да го зголемиме нашиот придонес во Заедничката безбедносна и одбранбена политика на ЕУ, во мировните мисии и операции на ЕУ во светот, како и да ја зајакнеме улогата на земјата во регионалните безбедносни структури. Овде посебно внимание ќе се посвети на регионалната соработка со другите земји членки на НАТО и Република Косово во областа на заеднички вежби и академската мобилност.

- Во рамките на надлежнсота на претседателот за именувања во Вооружените сили и Агенцијата за разузнавање, ќе се осигураме именуваните функционери да бидат најдобрите и најдокажаните професионалци, но и нивното минато да биде во целосна согласност со принципите на либералната демократија и прозападните вредности за кои се залагаме како држава.

- Ќе помогнам да се стави крај на нашата енергетска зависност од Русија. Мојата цел ќе биде да ги диверзифицирам изворите на енергија на сите нивоа, што е најдобриот пат до безбедност и стабилност. За таа цел, ќе доведам на иста маса експерти – академици, енергетски експерти, економисти и екологисти – и ќе помогнам во формулирањето на државен енергетски концепт.

- Со цел да се зајакне  регионалната соработка околу заедничките безбедносни предизвици како што се тероризмот, организираниот криминал и илегалната миграција, ќе организираме регионални обуки, хакатони и семинари, со што ќе ја подобриме размената на информации, создавањето можности за заеднички операции и други иницијативи за градење капацитети .

- Иновациите се клучен сектор за безбедноста и развојот на земјата. Претседателството ќе биде во целосна поддршка на нашите млади луѓе кои можат да ја градат утрешната Северна Македонија. Ќе се залагам за создавање училишта за иновации, со кои раководи кабинетот на претседателот. Ќе се залагам за раст на јавните и приватните инвестиции во активности за истражување и развој (R&D), создавање на претседателска награда за иновации, како и претседателска награда за стартапи и иновативни мали и средни претпријатија на годината.

- Ќе создадам Тск форс за сајбер безбедност составена од претставници на соодветните владини агенции, соодветните министерства и експерти од областа на индустријата. Оваа Работна група , исто така, ќе помогне да се воспостави протокол за меѓуинституционална координација за зголемување на способностите за истрага и гонење на компјутерски криминал. Тоа исто така ќе помогне во поттикнувањето меѓународни партнерства за размена на информации, со цел да се координираат одговорите на локалните и глобалните сајбер напади.

- Ќе спроведам кампања за подигање на јавната свест за едукација на граѓаните за најдобрите практики за сајбер безбедноста и ќе соработувам со институции за унапредување на сајбер безбедноста, меѓу другото, со доделување претседателска награда за млади луѓе кои ја промовираат сајбер безбедноста во земјата.

> Како претседател на државата, ветувам дека ќе направам се што е во моја моќ за да ја направиме Северна Македонија безбедна земја. Ќе се погрижам Северна Македонија да промовира регионален мир и стабилност. Ќе се погрижам да имаме кредибилни и модерни одбранбени капацитети како дел од нашите обврски во НАТО и ЕУ. Како врховен командант ветувам дека Армијата ќе биде транспарентна, отчетна и ќе ја застапува различноста на нашето општество

**Гласај 6**

# СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПРАВНА ДРЖАВА



Претседателот на Републиката е лидер заснован на вредности. Владеењето на правото ја гарантира демократијата и е од витално значење во борбата против корупцијата, заштитата на слободата на медиумите, промовирањето на човековите права и поддршка на поволна средина за бизнисот и инвеститорите. Претседателот има одлучувачка улога во гарантирањето целосно почитување на владеењето на правото, како и во нејзиното поддржување и промовирање.

Корумпираниот политички систем е нашиот непријател број еден, најголемата пречка за развојот на Северна Македонија и благосостојбата на граѓаните, но и главната пречка за европската интеграција на нашата земја.

Процесот на европска интеграција е важен извор на стабилност однадвор, но, досега, кај нас овој процес не успеа да го материјализира суштинскиот наратив на европеизацијата одвнатре – социјална, политичка и економска трансформација водена од перспективата за членство во ЕУ.

Проектот за интеграција на Северна Македонија во ЕУ дефинитивно мора да се одрази во животниот стандард на граѓаните, во изградбата и афирмацијата на европските општествени вредности, како и во функционирањето на државните институции. Доколку тоа не се случи, процесот на интеграција ризикува да донесе разочарување и пад на поддршката на граѓаните на Северна Македонија за членство во ЕУ.

Уште во септември 2017 година, Групата на високи експерти на ЕУ за системски прашања за владеење на правото во Северна Македонија (групата Прибе), предупреди дека кај нас не треба да се повторат грешките од минатото. Групата Прибе сакаше да спречи, една форма на државно заробување, да се замени со друга.

За жал, и покрај вложувањето на нашите партнери во реформи и нови закони, ова предупредување веќе се претвори во самоисполнувачко пророштво. Процесот на европска интеграција продолжува да биде фокусиран на главно технички реформи и не успева да произведе кохезија во владеењето на правото меѓу Северна Македонија и ЕУ.

Целокупната слика е мрачна. Судството никогаш не било поробено и понефункционално, со огромно мнозинство судии и обвинители кои се корумпирани и под контрола на политиката.

Продлабочувањето на неказнивоста во случаите на корупција на високо ниво, особено по измените на Кривичниот законик од 2023 година, но и селективната правда во политички мотивираните случаи, доведоа до состојба кога само 2% од граѓаните и веруваат на правдата.

Соодветното финансирање на органите за спроведување на законот и за спречување на корупцијата е суштинска компонента на независен, ефективен и ефикасен систем и предуслов за владеење на правото. Сегашните нивоа на финансирање - 37,7 милиони евра за судскиот систем, 10,8 милиони евра за Јавното обвинителство или 0,9 милиони евра за Државната комисија за спречување на корупцијата во буџетот за 2022 година - во голема мера ја разјаснуваат неспособноста на овие институции да ги исполнат своите обврски. На пример, Државната комисија за спречување на корупцијата во 2022 година имаше само 34 вработени од планирани 64, а Јавното обвинителство броеше вкупно само 170 обвинители или дефицит од 82 обвинители за да го достигне просекот препорачан од Советот на Европа. (девет на 100.000 жители).

Нашиот правосуден систем и механизми за борба против корупцијата, во суштина, се во состојба на клиничка смрт. Потребна им е целосна реформа.





## Мои ветувања:

- Ќе побарам од Собранието да донесе законски пакет за целосна реформа на правосудниот систем и обвинителството. Овој пакет треба да го содржи законот за проверка на судии и обвинители, реформа на системот за избор, унапредување, дисциплина и разрешување на судии и јавни обвинители, како и целосна дигитализација на судовите во согласност со Стратешката рамка на Советот на Европа.
- Ќе ја истуркам идејата за формирање Комисија за стандарди во јавниот живот, врз основа на искуството на Обединетото Кралство. Ова тело ќе има за цел да ги промовира етиката и моралот во јавниот живот, поконкретно, промовирање на 7-те принципи на Нолан за јавниот живот: несебичност, интегритет, објективност, отчетност, транспарентност, чесност и лидерство. Комисијата ќе служи како советодавно тело на претседателот и државните органи одговорни за владеење на правото. Комисијата ќе биде независно тело одговорно пред Собранието. Претседателот на Комисијата ќе се избира во Собранието и Комисијата ќе има сопствен буџет независен од другите органи.
- Ќе се заложам за удвојување на јавните инвестиции во судството, во јавното обвинителство и во институциите надлежни за спречување на корупцијата, со посебен приоритет на овие органи: Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција, Специјализираното одделение за судење за прекршоци од сферата на организиран криминал и корупција, Бирото за јавна безбедност, Државниот завод за ревизија и други истражни центри, како и единиците за спроведување на законот задолжени да истражуваат корупција. На среден рок, потребни се законски реформи за да се обезбеди подготовката на буџетот за судството и институциите за борба против корупцијата да биде целосно или барем делумно под контрола на независни и автономни тела, а не на владата, од фазата на подготовка на предлог-буџетот до неговото одобрување во Собранието. Ова ќе гарантира дека буџетот на овие институции ќе биде заштитен од политичко мешање.
- Ќе се обврзам да ги поништам измените на Кривичниот законик од 2023 година кои беа антиевропски и штетни во борбата против корупцијата. Измената на членовите 353, 353-в и 394 влијаеше на зголемување на неказнивоста во случаите на корупција на високо ниво, што го оневозможува кривичното гонење или издржување на казната. Ова е во спротивност со обврските на Северна Македонија како земја кандидат за членство во ЕУ. Кривичниот законик треба повторно да се измени, за да се гарантира усогласеност со европското антикорупциско законодавство и практиката на земјите-членки.
- За судии на Уставниот суд и членови на Судскиот совет ќе предложам само најдобри професионалци, со највисок можен морален интегритет и кои ги докажале своите проевропски вредности.
- Ќе ги искористам моите претседателски овластувања за помилување за да ја прекинам селективната правда во политички мотивираните случаи.
- Како Претседател на државата, ветувам дека нема да потпишам прогласување на лаксистички закони кои дополнително ја оддалечуваат земјата од европските норми, како што се случуваше во минатото.
- Во однос на јавната администрација , ќе се залагам за реформи во јавниот сектор, и тоа барајќи намалување на бирократија и подобрување во испораката на услуги преку иницијативи за е-влада, дигитализација на процесите и системите за управување базирани на перформанси .

> **Како Претседател на државата со целото мое битие ќе се борам против корупцијата на политичкиот систем и ќе преземам конкретни чекори за враќање на довербата на граѓаните во правосудниот систем. Моите главни приоритети во овој поглед се изградба на ефективно и правично независно судство, искоренување на корупцијата, деполитизирана и меритократска администрација, како и поддршка на граѓаните да учествуваат во јавна дебата преку универзален пристап до информации**

Промената

# ВРЕДИ

# СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА КОНСЕНЗУАЛНА ДЕМОКРАТИЈА



**Северна Македонија е на крстопат. Тројната економска, политичка и етичка криза го поларизираше општеството, влијаејќи врз продлабочувањето на поделбите, растот на евроскептицизмот, зајакнувањето на екстремистичките наративи и поткопувањето на либералната и консензуалната демократија. Мора да го надминеме и овој предизвик, како што ги надминавме историските пресвртници во трите децении независност. Од оваа транзиција, мора да излеземе како обединета земја.**

Несомнено, операциите на руско влијание кои имаат за цел да создадат поделби во нашето општество и да ја намалат довербата во државните институции, се одговорни за ваквата состојба. Медиумите под контрола на Кремљ, граѓанските организации и политичарите поврзани со руските интереси, придонесоа за ова малигно влијание чија цел е поткопување на интеграцијата на Северна Македонија во евроатлантските структури.

Загрижен сум за продлабочувањето на поделбите во нашето мултикултурно општество, но и за последиците од овие поделби врз нашата внатрешна безбедност. Едо поделено општество не може да се брани. Напротив, постои ризик од внатрешна дестабилизација.

Со визија определена од вистински принципи и идеали, да работиме на афирмација и продлабочување на консензуалната демократија, во духот на Арбен Џафери, кој беше и продолжува да биде мој политички водич. Арбен уште во 1999 година зборуваше за перманентен редукционизам во Северна Македонија, посочувајќи дека Уставот е потесен од реалноста, потоа она што го дозволува Уставот го стеснува законот, она што го дозволува законот ја стеснува институцијата, она што институцијата го дозволува, не го спроведува поединецот.

За жал, 25 години подоцна, во некои сегменти сè уште сме таму, кај перманентниот редукционизам на Арбен Џафери. Уставот сè уште навредливо се однесува кон албанскиот јазик како официјален јазик што го зборуваат 20% од населението и се разликува од македонскиот. Законот предвидува само делумна имплементација, географски и институционално, бидејќи ги наведува местата каде албанскиот е официјален јазик. Истата констатација важи и за уставното начело на правична и соодветна застапеност. Законот за вработените во јавниот сектор го гази Уставот со двете нозе, исклучувајќи ги од опфатот на принципот на правична застапеност институциите во одбранбениот и безбедносниот сектор, со што се подразбира дека голем дел од граѓаните на оваа земја не се доволно лојални или доверливи да работат или да раководат со овие сектори.

Мислам дека е од витално значење да се заштитат и унапредат вредностите што ја направија Северна Македонија земја модел во очите на нашите меѓународни партнери. Да бидеме горди на она што го постигнавме заедно. Само заедно ќе успееме. Не еден против друг, туку секогаш еден со друг. Да докажеме дека консензуалната и либерална демократија, еднаквоста, владеењето на правото и пазарната економија се темелите на нашето мултинационално и мултикултурно општество.

Не треба да се фокусираме на она што нè дели, туку на она што не обединува. Нема да дозволиме да бидеме поларизирани на леви и десни, евроентузијасти и евроскептици, прозападни и проруски, млади и стари, Македонци и Албанци. Наместо да се затвораме во нашите идентитети, треба да работиме заедно за поголема доверба и кохезија.

Како претседател, сакам да се осврнам на овие прашања. Дури ќе се обврзам институцијата Претседател да ја внесам во рамка на консензуална демократија во духот на Охридскиот договор, за да претседателот биде вистински гарант на единството на народот и симбол на демократските вредности.

> **Како Претседател на државата ветувам дека ќе ја заштитам консензуалната демократија, слободата на изразување и владеењето на правото во сите ситуации. Ќе слушам, ќе дискутирам и ќе се грижам за секого. Како претседател ветувам дека ќе бидам обединувачки фактор и ќе работам во најдобар интерес на сите граѓани на Северна Македонија.**



## Мои ветувања:

- Со следните измени на Уставот ќе побарам изборот на претседател да се направи во Собранието преку механизмот за двојно мнозинство, за да претседателот биде претставник на народното единство. Идеално, изборот на претседател ќе се изврши со две третини (2/3) од гласовите на сите пратеници на Собранието и со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство. Меѓутоа, доколку ниту еден кандидат не добие двотретинско (2/3) мнозинство на првите две гласања, ќе се одржи трето гласање помеѓу двајцата кандидати кои добиле најголем број гласови на второто гласање. За претседател ќе биде избран кандидатот кој ќе добие мнозинство гласови од сите пратеници на Собранието и мнозинство од гласовите на пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство.

- Ќе се погрижам од Уставот да се елиминира навредливата дефиниција на албанскиот јазик како „друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните“ и албанскиот јазик, во неговото писмо, да биде службен јазик на целата територија на државата на еднакво ниво со македонскиот јазик.

- Ќе се грижам за унапредување на правичната и соодветна застапеност на сите заедници во дипломатската мрежа на земјата, во Армијата и во безбедносниот сектор, во судството и во другите сектори каде што претседателот има право да предложи или именува, секогаш почитувајќи ги принципите на деполитизација, недискриминација и меритократија.

- Во соработка со граѓанските организации и медиумите, ќе преземам претседателска иницијатива за борба за слободата на медиумите и особено против проруските дезинформации. Руските медиуми и оние финансирани од Русија ќе бидат затворени, секогаш внимавајќи за почитувањето на правото на слобода на изразување и информирање.

*Еден од најважните луѓе*
*во европската и светската историја,*
*Конрад Аденауер:*
*И кога сите останати мислат*
*дека е крајот, ние мора*
*да започнеме!*
*Ова нека биде нов почеток!*



# Таравари Претседател

# ВЛЕН

## Претседателска платформа

ALEANCA për SHQIPTARËT
ALTERNATIVA
LËVIZJA BESA
LËVIZJA DEMOKRATIKE